РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-937/1
30.07. 2024 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 и 14 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/02), а во врска со член 10 и член 11 и член 52 став 1 и став 6 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а согласно член 8 точка 1 и 2 од Правилникот за систематизација на работни места во општина Пехчево бр. 01-1396/1 од 28.11.2023 година и Правилник за измена на правилник за систематизација на работните места во општина Пехчево бр. 04-891/1 од 23.07.2024 година, Градоначалникот на општина Пехчево на ден 30.07.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по интерен оглас бр.02/24

## за унапредување на административен службеник во општина Пехчево

### Член 1

Градоначалникот на општина Пехчево на ден 30.07.2024 година донесе одлука за избор на кандидатот **Душко Миовски** за работно место: Советник за комунални работи шифра УПР0101В01000 во Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, во општина Пехчево.

### Член 2

На ден 25.07.2024 година од страна на Градоначалникот на општина Пехчево беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник бр.02/24 за работно место: Советник за комунални работи, шифра УПР0101В01000 во Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина во општина Пехчево.

На ден 30.07.2024 година во просториите на Агенција за администрација беше извршена административна селекција од страна на комисијата и е изготвен записник со број 04-896/4 од 30.07.2024 год. во кој е констатирано дека кандидатот продолжува на интервју.

По извршеното интервју е донесена ранг листа на кандидати со која се констатира дека кандидатот Душко Миовски има освоено вкупно 38,55 бодови и истата е доставена до Градоначалникот на општина Пехчево, по што Градоначалникот на општина Пехчево донесе Одлука за избор на кандидатот Душко Миовски за работно место: Советник за комунални работи шифра УПР0101В01000 во Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина во општина Пехчево.

### Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена на веб страната на општина Пехчево.

**Правна Поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на веб страната на општината.

Доставено до:

- Кандидат: Душко Миовски
- Архива на општина Пехчево

Општина Пехчево

Градоначалник

Александар Китански